РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-445/3
28-04-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-2532/1 од 22.09.2025 година и кон него споен предмет 12-2529/1 од 01.09.2025 година, со наводи за сомневање за пропусти и несовесно работење на ---------------- ----------------- за подрачје - ------------, а во врска со постапка за приватизација на земјиште во која било донесено Решение од 28.03.2013 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапиле други надлежни органи, а воедно за случајот е оформен предмет пред надлежно јавно обвинителство.

Предметот со број 12-2532/1 од 22.09.2025 година и кон него споен предмет со број 12-2529/1 од 01.09.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 22.09.2025 година, доставена е пријава адресирана до Министерството за правда, по која е оформен предмет број 12-2532/1 од 22.09.2025 година. Во пријавата изнесени се наводи за сомневање за пропусти и несовесно работење на ---------------- ----------------- за подрачје - ------------, во врска со постапка за приватизација на земјиште на КП бр.----------/- за КО ---------, во која било донесено Решение за приватизација на градежно земјиште број --- - ------/- од --.--.-------- година, а кое според подносителот МФ -Управа за имотно правни работи -------- го донела врз основа на невалидни докази и со погрешна примена на материјалниот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

Подносителот на пријавата смета дека со наведеното решение се направени пропусти во постапката и бара Министерството за правда да изврши надзор над работењето на ---------------- - ------------------ за подрачје - -------------.
Дополнително, во пријавата е наведено дека истата едоставена на надлежно постапување и до други државни органи меѓу кои и до Државното правобранителство на РСМ со барање за вршење на вонреден надзор и преземање на соодветни мерки.
Во документацијата приложена кон пријавата, има и известување од ОЈО -------- со број Ко.бр.---------/---- од --.--.-------- година, со кое се известува подносителот ------------ ------------- и му се дотавуваат копии од барана документација.

Кон предметот, споен е предмет број 12-2529/1 од 01.09.2025 година, поради тоа на 21.10.2025 година ДКСК констатира дека се работи за анонимна пријава со исти наводи и иста фактографија на пријавени дејствија, а заради постапување и одлучување по пријавите во единствена постапка. Во оваа пријава, дополнително се известува дека за предметниот случај биле водени повеќе од 40 судски постапки но, подноситлите не се задоволни од исходот на истите. Исто така, на 22.04.2025 година за случајот било доставено барање до Агенција за катастар на недвижности за достава на копие од изречена казна на ------------ --- -------------, по кое предметот бил пратен на надлежност на Секторот за контрола и надзор при Агенцијата кој постапил и го известил подносителот на барањето.
Подносителот доставил и барање до Министерството за правда за да изврши надзор над примената на Законот за вештачење во конкретниот случај, а кое на 01.08.2025 година ги известило дека е ненадлежно за постапување по нивното барање.

Во насока на проверка на наводите по предметот, ДКСК достави барање до Државното правобранителство на РСМ, за произнесување дали по однос на предметниот случај биле преземени конкретни мерки и дејствија од нивна надлежност со достава на прилог документација.

По барањето, до ДКСК доставен е одговор со прилози и по разгледување на целокупната документација во предметот констатирано е следното:

До ---------------- ----------------- за подрачје - ------------, од страна на лицето ------------------ ------------------------ од -----------, била поднесена иницијатива за поведување на постапка по службена должност за огласување на делумна ништовност на Решението за приватизација број -- - --------/- од --.--.------ година, а во врска со дополнување на иницијативата за повторен вонреден инспекциски надзор.
Предметното Решение, било донесено од страна на Управата за имотно правни работи ----------- и истото било донесено согласно Изводот од урбанистички план бр.-- - ---/- од --.------ година,

бидејќи согласно истиот го заштитила јавниот интерес, од причина што тој извод бил со намена улици и индивидуално становање.
Приватизација на земјиштето била извршена врз основа на Геодетски елаборат за посебни нумерички податоци број -- - ---/- од 22.03.2013 година, изработен од правното лице ---------- ------ ----------.

По однос на горе цитираното решение, Државното правобранителство ---------- на ден 01.04.2013 година, издало позитивно мислење од причина што согласно приложените докази истото било во согласност со Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.
Имајќи предвид дека долго време сите институции биле под притисок на фамилијата ----------- -------------, ---------------- ----------------- за подрачје - ------------, на ден 26.09.2025 година до Агенцијата за катастар и недвижности на РСМ - Сектор за контрола и надзор, поднело барање за надзор согласно член 241 од Законот за катастар и недвижности, со цел да се провери дали геодетскиот елаборат за посебни нумерички податоци број 03-184/6 од 22.03.2013 година, изработен од правното лице ---------- --- ----------, бил изготвен согласно Правилникот за изработка на геодетски елаборати за посебни нумерички податоци.

ДКСК се обрати и побара од Агенцијата за катастар на недвижности да достават информација за тоа дали и како е постапено од страна на Секторот за контрола и надзор при Агенцијата по однос доставеното барање на Државното правобранителство на РСМ-------------.
Од страна на Агенцијата доставен е одговор во кој е наведено дека Секторот за контрола и надзор постапил и направил увид во службената евиденција од катастарот и недвижности при што констатирал дека предметниот геодетски елаборат е изработен согласно тогаш важечкиот Правилник за геодетски работи за посебни намени и дека впишаните податоци во него се совпаѓаат со податоците од решението за приватизација на Министерството за финансии. За постапувањето на Агенцијата за катастар, на 27.10.2025 година, било доставено Известување до Државното правобранителство.

Министерството за правда, постапувајќи по барање за надзор над примената на Законот за вештачење во конкретниот случај, поднесено од подносителот ----------- ----------------, го известиле со одговор број 19-1025/7 од 01.08.2025 година, во кој Министерството образложува за својата надлежност по однос на издавањето на лиценци за вештак и измените на Законот за вештачење кои биле објавени на ЕНЕР на 04.07.2025 година. Воедно, Министерството по однос на наводите за системска недоследност на судската пракса се произнело дека нема надлежност да ја преиспитува работата на судиите и одлуките кои тие ги донесуваат, ниту пак да влијае на судските постапки.

Видно од документацијата приложена кон пријавата констатирано е дека за предметниот случај бил оформен предмет и во ОЈО ---------- со број Ко. бр.----/-- од --.--.------ година.

Имајќи во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за случајот е постапено од страна на други надлежни органи а воедно за случајот е оформен предмет пред надлежно јавно обвинителство.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до
–Подносителот на пријавата